У-5.бр.590/2010
У-5.бр.591/2010

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Димитрула Апостоловска и Ана Герасимовска - членови на советот, со записничар Ивана Смугреска Петрески – Виш судски соработник, решавајќи по тужбите на Трговско и од Скопје како одговорно лице во правното лице, преку полномошник адвокат од Скопје, против решението на Дирекцијата за заштита на личните податоци – Комисија за одлучување по прекршок I, Скопје бр.11-249/12 од 17.05.2010 година, за прекршок, на седницата одржана на 19.04.2012 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбите на Трговско ДООЕЛ - Скопје и како одговорно лице во правното лице, против решението на Дирекцијата за заштита на личните податоци – Комисија за одлучување по прекршок I, Скопје бр.11-249/12 од 17.05.2010 година , СЕ ОТФРЛААТ КАКО НЕНАВРЕМЕНИ.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 03.06.2010 година тужителите Трговско друштво ДООЕЛ - Скопје и од Скопје како одговорно лице во правното лице, преку полномошник адвокат од Скопје поднеле тужба до Управниот суд заведена под У5.бр.591/2010 и У5.бр.590/2010, против решението на на Дирекцијата за заштита на личните податоци – Комисија за одлучување по прекршок I, Скопје бр.11-249/12 од 17.05.2010 година, со кое тужителите се огласени за прекршочно одговорни, правното лице за сторен прекршок по член 49 став 3, а во врска со член 49 став 1 точка 1 и член 49-а став 3 а во врска со член 49-а став 1 точка 7 од Законот за заштита на личните податоци, при што за сторениот прекршок правното лице е казнето со глоба во износ од 3000 евра, во денарска противвредност, а одговорното лице во правното лице, согласно член 65 став 1 а овска со член 19 од Законот за прекршоците му се изрекува ОПОМЕНА.

Со оглед дека тужителите со две пооделни тужби бараат поништување на исто решение на Дирекцијата за заштита на личните податоци – Комисија за одлучување по прекршок I, Скопје бр.11-249/12 од 17.05.2010 година, Судот ги спои постапките по тужбите заведени под У5.бр.591/2010 и У5.бр.590/2010, и предметот го реши во единствена

постапка под У5.бр.590/2010, согласно член 299 од Законот за парнична постапка, а во в.в. со член 7-а од Законот за управни спорови.

Тужителите со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на пресудата, со предлог оспореното решение да биде поништено

Разгледувајќи ги тужбите, Судот најде дека истите се ненавремени затоа што тужителите оспореното решение на Дирекцијата за заштита на личните податоци – Комисија за одлучување по прекршок I, Скопје бр.11-249/12 од 17.05.2010 година го примиле уредно на 17.05.2010 година видно од приложениот материјален доказ во предметот – доставници, а истите поднеле тужба на 03.06.2010 година, односно по истекот на законскиот-преклузивен рок од 8 дена.

Согласно член 67 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.62/06), против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор.

Согласно член 68 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.62/06), тужбата од членот 67 на овој закон се поднесува во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката за прекршок.

Согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/06), судот со решение ќе ја отфрли тужбата, ако утврди дека е поднесена ненавремено.

Врз основа на наведеното, Судот согласно член 26 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови а во врска со член 68 став 1 од Законот за прекршоците одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управниот суд на 19.04.2012 година под У5.бр.590/10 и У-5.бр.591/2010.

Записничар
Виш судски соработник
Ивана Смугреска Петрески с.р.

Претседател на советот Судија
Дитурије Елези Незири с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Согласноста со изворникот ја тврди
УПРАВЕН СУД
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РН/